Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јули 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Ќире Темелков од с. Марена, Кавадарци УП2 09-204/24 од 22 април 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-37 од 12 февруари 2024 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-37 од 12 февруари 2024 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Ќире Темелков од с. Марена, Кавадарци до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-204/24 од 22 април 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-37 од 12 февруари 2024 година на КЕЦ Кавадарци, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на објект, со кој исто така се нарушени безбедносните растојанија до среднонапонски далекувод.

Според Електродистрибуција – на парцелата КП бр. 2264/1, КО Марена веќе има изграден објект кој не соодветствува со Одобрението за градење.

Притоа, објектот се наоѓа во близина на среднонапонски далековод при што се нарушени безбедносните растојанија од објектот на корисникот до електоенергетскиот објект пропишани со закон и соодветни подзаконски акти.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 1 јули 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-204/24 од 22 април 2024 година со прилог:

-Приговараното Решение

-Приговор

-Основен проект за изградба на станбена куќа

-Одобрение за градење

-Имотен лист

-GIS скица

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 15 мај 2024 со прилог:

-Слики од објектот и далекуводот
- Мислење за добивање на одобрение за градба
- Барање за согласност за приклучување

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека не се запазени минималните безбедносни растојанија до далекувод на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Согласно член 203 став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 96/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19 и 236/22), не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

Согласно член 35 став (1) точка 4) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24) операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога се нарушени безбедносните растојанија од објектот на корисникот до електроенергетски објекти, пропишани со закон и соодветни подзаконски акти.

Имајќи го предвид горенаведеното како и фактот дека се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–204/24**
**8 јули 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**